Совет на Општина Делчево

Број 09-1456/2

27.08.2021 година

Д е л ч е в о

ЗАПИСНИК

од одржаната 55.седница на Советот на

Општина Делчево

Седницата се одржа на ден 27.08.2021 година (петок), во Мултифункционалниот центар со почеток во 14:00 часот.

На седницата присуствуваа 15 членови на Совет и тоа:

- Драган Маневски
- Дејан Георгиевски
- Јулија Крстевска
- Влатко Величковски
- Кирил Тренчевски
- Ванчо Велиновски
- Славица Димитрова
- Катица Трајкова Тасева
- Сашко Јовановски
- Кристи Стојковски
- Вице Стоиловски
- Дијана Јосифовски
- Николчо Ситновски
- Сашко Ивановски
- Билјана Ѓеоргиевска.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Драган Маневски-претседател на Советот на Општина Делчево кој за 55.седница на Советот го предложи следниот

Дневен ред

-Усвојување на Записник од 54.седница

1.Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за период од 01.01. 2021 до 30.06.2021 година со Заклучок за усвојување;

Образлагач: Анка Христова-Раководител на Одделение за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци.

2.Годишен план за  вработување на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево за 2022 година со Заклучок за усвојување;

3. Предлог-Одлука за давање согласност за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време во ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево;

4. Предлог-Одлука за давање согласност на Правилникот за утврдување на цените на услугите што ги дава ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево за износот и надоместокот на трошоците за престој на деца во установата што паѓаат на товар на родителите бр.0202-94/3 од 13.08.2021 година.

**Образлагач:** По точките 2,3 и 4-Билјана Симовска-Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево.

5. Предлог-Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за добивање на решение за изградба на отворено спортско игралиште – Скејт парк во Делчево;

**Образлагач**: Звонко Атанасов-Раководител на Одделение за урбанизам, комунални дејности, сообраќај и заштита на ЖС.

6. Годишен извештај на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за учебната 2020/2021 година со Заклиучок за усвојување;

7. Годишна Програма за работа на ООУ „Ванчо Прке“ Делчево за учебната 2021/2022 година со Заклучок за усвојување;

**Образлагач:** Горан Велков-Директор на на ООУ „Ванчо Прке“ Делчево.

8.Годишен извештај на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за учебната 2020/2021 година со Заклучок за усвојување;

9. Годишна Програма за работа на ООУ „Св.Климент Охридски“ Делчево за учебната 2021/2022 година со Заклучок за усвојување;

**Образлагач**: Горан Димитровски-Директор на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево.

10. Шестмесечен извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница“-Делчево за период 01.01.2021 -30.06.2021 со Заклучок за усвојување;

**Образлагач:** Стојче Стојковски-Директор ЈКП „Брегалница“-Делчево.

11.Прашања и предлози на членови на Совет.

Претседателот отвори расправа по предложениот дневен ред.

Процедурално за збор се јави Сашко Ивановски кој го праша претседателот на Советот зошто немало итна седница за пожарите кои зафатиле дел од територијата на

општина Делчево? Дали претседателот на Советот има информации за причините кои ги предизвикале пожарите, дали било формирано некое тело, Кризен штаб и слично бидејќи тој како член на Советот немал никакви информации за тоа и се уште нема!

Претседателот на Советот истакна дека проценката била дека немало реална потреба од седница на Совет. Кризен штаб бил формиран благовремено и тој командувал со акцијата за гаснење на пожарите. Целиот случај се уште е во фаза на истрага и нема конкретни информации за причините коишто го предизвикале пожарот. Моментално има Комисија формирана од страна на Градоначалникот која оди на лице место и прави проценка на штетите, а има објавено и повик за пријавување на штетата. По завршувањето на пријавувањето Општината ќе ангажира стручни лица-вештаци за проценка на штетата од пожарите и ќе се направат напори, во координација со Владата на РСМ, да бидат обесштетени.

Сашко Ивановски го праша претседателот дали тој лично проценил дека не треба да има итна седница?

Претседателот на Советот рече дека до него како претседател немало доставено барање за свикување итна, т.е.вонредна седница. Доколку имало барање, секако истото ќе било разгледано, истакна претседателот на Советот.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а дневниот ред, беше ставен на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево го усвои дневниот ред.

Претседателот отвори расправа по Записникот од 54.седница на Советот.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а Записникот ставен на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани нема, Советот на Општина Делчево го усвои Записникот од 54.седница на Советот;

**Прва точка-Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за период од 01.01. 2021 до 30.06.2021 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по оваа точка беше Анка Христова-Раководител на Одделение за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци која ситакна дека извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за вториот квартал од 2021 година изнесува 45%, односно од вкупно планираните приходи од 328.158.656 ден., за вториот квартал се реализирани 146.758.253 денари. Од нив, во Основниот буџет, од планирани вкупно тековно–оперативни и капитални приходи во износ од 117.293.456 денари, се реализирани 56.246.068 ден. или 48%. Даночните приходи се наплатени во износ од 18.792.959 ден. од вкупно планирани 39.025.000 ден. или 48%, наплатата од даноци на имот е во износ од

7.591.887, или 52% во однос на планираните, даноци од специфични услуги наплатени се во износ од 9.156.377 денари или 44% во однос на планираните и такси за користење или дозволи за вршење на дејност се наплатени во износ од 890.203 денари. Неданочните приходи се планирани во износ од 2.015.000 ден. и тоа се приходи од административни такси и надоместоци, и се наплатени во износ од 610.677 денари или 30%. Капиталните приходи се наплатени во износ од 1.197.102 ден. од вкупно планирани 4.905.000 ден.или 24% . Капиталните расходи се реализирани во износ од 30.093.001 денари од планираните 62.585.456 или 48%. Доколку имате прашања во делот на програми или било пто, повелете, рече А.Христова.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 10 гласа „ЗА“ и 5 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за период од 01.01. 2021 до 30.06.2021 година.

**Втора точка-Годишен план за вработување на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево за 2022 година со Заклучок за усвојување;**

Оваа точка ја образложи Билјана Симовска директор на ОЈУДГ „Весели Цветови“ која истакна дека овој ГПВ е донесен од страна на Управниот одбор на седница одржана на 07.07.2021 година, а се однесува на 2022 година. Според ГПВ моментално се вработени 13 лица, планирани движења на кадарот во наредната година нема, планирани испразнувања на работни места нема, планирани вработувања нема. Согласно член 20-1 став 2 и 3 од Законот за административни службеници, согласност на планот дава основачот, т.е. Советот. Сакам да напомнам дека давателите на услугите, не влегуваат во овој план бидејќи тие немаат статус на административни службеници. Доколку има прашања, повелете, рече Б.Симовска.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 11 гласа „ЗА“ и 2 „ПРОТИВ“ и 2 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Годишен план за вработување на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево за 2022 година;

**Трета точка-Предлог-Одлука за давање согласност за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време во ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево;**

И оваа точка ја образложи Билјана Симовска директор на ОЈУДГ „Весели Цветови“ која истакна дека согласно законот основачот, односно Советот на Општина Делчево дава согласност за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време во ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево. За таа цел имаме поднесено Барање за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време на двата објекта и тоа:

-За објект бр.1 , кој се наоѓа на ул. „Методи Митевски Брицо“ бр.36 во кој се остварува Програма за целодневен престој на деца, се утврдува работното време од 05:00 до 18:00 часот.

-За објект бр.2 , кој се наоѓа на ул. „Светозар Марковиќ“ бр.12 во кој се остварува Програма за целодневен престој на деца, се утврдува работното време од 05:00 до 18:00 часот.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“ и 2 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за давање согласност за утврдување на почетокот и завршетокот на работното време во ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево

**Четврта точка-Предлог-Одлука за давање согласност на Правилникот за утврдување на цените на услугите што ги дава ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево за износот и надоместокот на трошоците за престој на деца во установата што паѓаат на товар на родителите бр.0202-94/3 од 13.08.2021 година.**

Образлагач и по оваа точка беше Билјана Симовска-Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево која истакна дека  со овој Правилник се утврдува месечниот износ на цените и услугите што ги дава ОЈУДГ „Весели Цветови“. Висината на цените и на услугите зависи од програмите за престој на децата и тоа: за целодневен престој и 3 оброка е 1.490 денари, за полудневен престој и 1 оброк појадок 599 денари, програма за престој и оброци (појадок и ручек) 1.182 денари, програма за престој со ручек и ужинка 1.080 денари. Програма за престој и исхрана на деца над 6 и 10-годшна возраст 1.490 денари.. Со правилникот е предвидено и намалување на надоместокот з апрестој во зависност од отсуствата и програмата за престој, рече таа.

Претседателот отвори расправа по ова точка.

За збор се јави Сашко Ивановски која ја праша директорката дали сите деца имаат обврска да плаќаат надомест за престој во градинката?

Билјана Симовска рече дека освен децата Роми опфатени со проектот „Инклузија на деца Роми“ сите други имаат обврска за плаќаат престој во детската гтрадинка. Но, секој самохран родител има можност да поднесе Барање до градинката за ослободување од

плаќање надоместок за неговото дете. Градинката како установа го има планирано тоа, но секако дека мора самохраните реодители да поднесат барање.

Сашко Ивановски рече дека во врска со проектот „Инклузија на деца Роми“ и Одлуката на Советот којашто се носи неколку години по ред за ослободување од плаќање надомест тој како член на Советот 4 пати поставувал прашања дали редовно се рефундираат средствата од страна на РЕФ спрема МТСП и барал да се најде начин да се донесе иста ваква одлука за децата Македонци. Иако било ветувано дека неговиот предлог ќе се разгледа, досега не е донесена ваква одлука. Ме интересира дали постои некаков акт/документ со кој се регулирани тие права и обврски?

Б.Симовска рече дека проектот „Инклузија на деца Роми“ започнал во 2006 година и 7-8 години истиот го финансираше Ромскиот едукативен фонд, а потоа таа обврска е префрлена на општините. Додека да се префрли обврската на општините тој „луфт“ период, средствата биле од МТСП. Сега неколку години по ред се носат одлуки на Совет, но сепак средствата се од блок-дотациите и не се буџетски средства на општина Делчево. Постои трипартитен договор помеѓу детската градинка, МТСП и општина Делчево со кој се регулирани правата и обврските на сите 3 страни.

Сашко Ивановски праша дали е во ред Советот на Општина Делчево да донесува дискриминаторски одлуки кои се однесуваат само на една група деца.

Б.Симовска рече дека предлогот на советникот е во ред и сосема легитимен. Но истиот требало да го достави до детската градинка, а исто така можел да побара прием кај директорката за ова или за некое друго прашање. Ни тој ни било кој друг од членовите на Советот ниту еднаш во овие 4 години не доставиле било каков предлог до неа. Во врска со одлуката за децата Роми, Советот веќе 3 години донесува вакви одлуки. Иницирајте донесување на ваква одлука за деца од социјално загрозени смемејства или за деца на самохрани родители, истакна Б.Симовска.

Драган Маневски замоли да се дискутира по точката на дневен ред, а тоа е за Правилникот за утврдување на цените на услугите што ги дава ОЈУДГ „Весели Цветови“- Делчево за износот и надоместокот на трошоците за престој на деца во установата што паѓаат на товар на родителите.

Славица Димитрова праша дали самохраните родители знаат дека можат да поднесат барање до УО на детската градинка за ослободување од плаќање надомест за престој во детската градинкај на нивните деца,кои документи се потребни во прилог на барањето и дали тие родители имаат предност во однос на примањето на нивните деца?

Б.Симовска истакна дека во 2018 година е изготвен и донесен Правилник за прием на деца во детската градинка и според него децата на самохраните родители имаа предност во однос на другите деца.

С.Димитрова истакна дека е задоволна од одговорот, но смета дека сепак директорката треба да ги запознае самохраните родители дека доколку поднесат барање има можности нивното дете да биде ослободено од плаќање надомест за престој.

Сашко Ивановски рече дека директорката на детската градинка има обврска га ги запознае родителите на децата за сите поволности и правакои ги нуди самата градинка и дека при приемот на деца треба да се води ред и да биде потранспарентно.

Б.Симовска рече дека потранспарентно никогаш не било примањето на деца и не е во ред некој да се сомнева во тоа.

Катица Трајкова Тасева побара реплика на дискусијата на Сашко Ивановски и рече дека навистина не е во ред 4 години да се дискутира дека децата Роми се ослободуваат од плаќање на надомест за престој во градинката. Тоа веќе е дегутантно и Вие како претседател на политичка партија треба да се извините на Ромите во Делчево за вашата ваква дискусија

Ванчо Велиновски рече дека не е во ред некој да вели дека ние како советници сме против Ромите.

Влатко Величковски рече дека 4 години некој упорно бара доказ дали средствата за децата Роми се рефундираат од страна на РЕФ, а нема доставено предлог-одлука за ослободување на друга категорија деца.

Сашко Ивановски рече дека доколку му се уфрлаат во дискусијата и го прекинуваат ќе ја напуштат седницата на Советот.

Претседателот на Советот го прекина неговото излагање бидејќи не побарал збор и ги замоли сите да се придржуваат на дневниот ред и да дискутираат по точката. Секој кој сака да дискутира да побара збор и да не се уфрла во дискусијата на друг, да не дозволиме да направиме пазар од седницата на Советот. Ве молам почитувајте го Деловникот, не може по точпка која воопшто не е на дневен ред да се јавувате за збор по 5 пати, ќе го ограничам времетраењето на дискусијата, ве молам сите да се придржуваме на дневниот ред, истакна Драган Маневски, претседател на Советот на Општина Делчево.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за утврдување на цените на услугите што ги дава ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево за износот и надоместокот на трошоците за престој на деца во установата што паѓаат на товар на родителите бр.0202-94/3 од 13.08.2021 година.

**Петта точка-Предлог-Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за добивање на решение за изградба на отворено спортско игралиште – Скејт парк во Делчево;**

Образлагач по оваа точка беше Звонко Атанасов-Раководител на Одделение за урбанизам, комунални дејности, сообраќај и заштита на ЖС кој истакна дека со оваа одлука се ослободува од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште на КП бр.8674/1 КО Делчево инвеститорот Општина Делчево, за добивање на решение за изградба на отворено спортско игралиште – Скејт парк во Делчево, согласно Основниот проект за Скејт парк во Делчево со тех.бр.03-06-2021 од 10.06.2021 изработен од ДПТУ „ГП-Архитекти" ДООЕЛ Делчево.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за добивање на решение за изградба на отворено спортско игралиште – Скејт парк во Делчево.

**Шеста точка-Годишен извештај на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево за учебната 2020/2021 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по оваа точка беше Маријана Стоименовска заменик-директор која рече дека овој извештај е законска обврска на училиштето и се доставува до Советот на усвојување најдоцна до 31 август. Истиот во себе содржи односни информации за училиштето, подобрување на условите за работа, планирање и реализирање на часовите, задолжителните и изборните предмети, дополнителната и додатната настава, успехот на учениците,, воннаставните активности, другите ученички активности, ученичките екскурзии, соработката со локалната заедница и др. Важно е да се истакне дека минатата година наставата била онлајн, а оваа година се планира да биде со физичко присуство. Повелете со прашања, ако има, истакна таа.

Претседателот отвори расправа, бидејќи никој не се јави за збор расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 12 гласа„ЗА" и 3 „ПРОТИВ", Советот на Општина Делчево, донесе Заклучок за усвојување на Годишниот извештај на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево за учебната 2020/2021 година.

**Седма точка-Годишна Програма за работа на ООУ „Ванчо Прке" Делчево за учебната 2021/2022 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач и по оваа точка беше Маријана Стоименовска заменик-директор на ООУ „Ванчо Прке" Делчево која рече дека Мотото на училиштето е:„Училиште со полн потенцијал за напредување", а Мисијата „Училиште со разбирање на учениците-импулс за успешна средина".

Визијата на училиштето е:„Училиште кое создава мотивирачка и поттикнувачка

средина за учење и подучување на сите ученици. Сите вработени да бидат професионалци, соработници, но и пријатели. Родителите да ни бидат партнери, а локалната заедница соработник“. Таа исто така истакна дека оваа година има промени и во приоритетите и стратешките цели на училиштето, наставата ќе почне со физичко присуство, а можно е и комбинирано. Исполнети се сите предуслови за настава со физичко присуство во услови на КОВИД и тоа.6 поесбни влеза за учениците, средства за дезинфекција, растојание. Во врска со екскурзиите за 3, 6 и 9 одделение, таа рече дека ланската година не биле изведени заради ситуацијата, а оваа година е распишан тендер, но дали ќе се изведат или не, зависи од тоа каква ќе биде состојбата со КОВИД 19.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 10 гласа „ЗА“ и 4 “ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делкчево донесе Заклучок за усвојување на Годишната Програма за работа на ООУ „Ванчо Прке“ Делчево за учебната 2021/2022 година.

Осма точка-Годишен извештај на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за учебната 2020/2021 година со Заклучок за усвојување;

Оваа точка ја образложи Латинка Мановска Новоселска психолог во ООУ „Св.Климент Охридски“ која истакна дека извештајот е всужност терк изготвен согласно законот за основно образование и насоките од министерството за образование и наука во кој се наоѓаат основните податоци за училиштето и неговата лична карта. Во извештајот има табеларен приказ за бројот на ученици, бројот на паралелки, националност на учениците, нивниот успех, бројот на изостаноци, освоени награди, мисија и визија на училиштето, проектните активности, соработката со локалната заедница и други институции. Доколку нешто повеќе ве интересира, повелете, истакна таа.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по точката беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 10 гласа „ЗА“ и 3 „ВОЗДРЖАНИ“, против нема, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Годишниот извештај на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за учебната 2020/2021 година;

Деветта точка-Годишна Програма за работа на ООУ „Св.Климент Охридски“ Делчево за учебната 2021/2022 година со Заклучок за усвојување;

Образлагач по по оваа точка беше Влатко Атанасовски заменик-директор на на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево кој истакна дека оваа Програма во себе ги содржи општите податоци за училиштето, органите на управување, стручните органи и ученичко

организирање во основното училиште, мапа на основсното училиште, податоци за училишниот простор, податоци за библиотеката, опрема и наставни средства, план за обновување и адаптација во ООУ за оваа учебна година, податоци за вработените, материјално-финансиското работење на училиштето, подрачја на промени, приоритети и цели, програми и организација на работата на ООУ, Вонннаставни активности, успех, оценување и мн други податоци за ЦОУ и подрачните училишта. Во интерес на времето, јас не би должел, ако имате прашања, повелет рече тој.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по точката беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 10 гласа „ЗА“ и 3 „ВОЗДРЖАНИ“, против нема, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Годишната програма на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за учебната 2021/2022 година;

**Десетта точка-Шестмесечен извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница“-Делчево за период 01.01.2021 -30.06.2021 со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по оваа точка-Стојче Стојковски-Директор ЈКП „Брегалница“-Делчево.

Во врска со точката директорот рече декс се однесува за вториот квартал од работењето на ентитетот изработен е согласно Меѓународните стандарди за финансиско известување. За првите 6 месеци за 2021 година ЈКП „Брегалница“-Делчево остварило позитивен финансиски резултат од +558.928 денари. Што се однесува до бројот на вработените тој истакна дека веќе неколку години е непроменет и изнесува 91, од кои 86 во редовен работен однос и 5 привремено вработени лица. Во извештајниот период се остварени вкупно 21.972.144 денари расходи и 22.531.072 приходи. Приходи од вода 8.155.734, од канализација 2.729.114, од фактурирање на смет 5.914.443, од погребални услуги 60.986, од приклучок на вода 168.920, приходи од пазарна такса 537.730, од одржување на граничен премин 459.972, од јавна чистота 958.582, од одржување паркови и зеленило 263.451 и др.

Што се однесува до расходите тие се приближно еднакви како ланската година, а вкупно пресметана амортизација на материјални и нематеријални средства е 2.402.117. Процентот на наплата не е намален во однос на претходната година освен кај приходи од градски пазар каде се бележи намалување заради послабиот интерес за закуп на тезги за текстилна роба. Што се однесува до обврските на ЈКП сакам да потенцирам дека јавното претпријатие веќе нема долг, исплатени се сите обврски и се надеваме дека наредната година ќе биде уште подобро, рече директорот.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Сашко Ивановски кој реагираше за ненавремено доставување на извшештајот кој не бил доставен со сите материјали 7 дена пред одржувањето на седницата, туку само 2 дена пред седницата.

Претседателот на Советот истакна дека тоа е така поради ненамерен пропуст од страна на општинската администрација. Извештајот од страна на директорот бил доставен на 28.07.2021 година, но поради летните одмори и отсуството на службите не бил доставен навреме за умножување.

Билјана Ѓорѓиевска праша на што се должи намалувањето на % на наплата кај правните лица?

Директорот истакна дека тоа е должи на неработењето на некои правни субјекти заради пандемијата.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот на Советот ја затвори расправата и точката ја стави на гласање.

Со 10 гласа „ЗА“ и 4 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Шестмесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП „Брегалница“-Делчево за период 01.01.2021 -30.06.2021.

Единаесетта точка-Прашања и предлози на членови на Совет.

По оваа точка за збор се јави Јулија Крстевска, која постави прашање до градоначалникот и Овластениот општински комунален инспектор и тоа:

1.Група граѓани кои живеат на Булевар „Македонија“ бр.29, доставиле Барање до Општината (Градоначалникот) со цел преземање мерки за решавање на проблемот што го имаат со Џенан Бечирова која живее во старата зграда на ЈКП „Брегалница“ на Булевар „Македонија“ и несовесно фрла секаков вид на отпад и ја загадува околината, која во време на пандемија и високи температури претставува и потенцијална опасност за зараза. Таа и понатаму живее таму, се однесува несовесно кон околината и ги навредува соседите со секакви погрдни зборови. Дали Општината презела мерки за решевање на проблемот не ни е познато. Бараме во најскоро време да излзеат инспекциските служби на терен, т.е. да се постапи по нашето Барање и именованата да се дислоцира од таму!

Потоа за збор се јави Сашко Ивановски, кој од директорката на ОЈУДГ „Весели Цветови“ побарада:

1.Барам да ми се достави копија од потпишаниот трипартитен договор помеѓу Министерството за труд и социјална политика, Општина Делчево и ОЈУДГ “Весели Цветови“ во врска со ослободувањето од плаќање надоместок за престој на деца Роми!

2.Да ми се достави копија од Договорот што го склучува детската градинка со родителите на децата Роми кои се ослободени од плаќање надоместок за престој!

На 54.седница на Советот на Општина Делчево беа присутни претставници на политичката партија ЛЕВИЦА при што  беа поставени 2 прашања и тоа:

Сања Николовска од Општинска организација на Левица-Делчево, до директорката на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево

1.Зошто кога во Годишниот план за вработување на детската градинка за 2022 не се планираат нови вработувања, 2 месеци пред Локалните избори ОЈУДГ „Весели Цветови“ објавува Јавен повик за 4 работни места-негователки?

2. Во јавниот повик во делот потребни квалификации за кандидатите, меѓу другите се наведени и емпатија и толеранција. Прашувам кој е компетентен да ја цени емпатијата и толеранцијата на кандидатите, како се мери емпатијата и која е мерната единица за емпатија?

Со исцрпувањето на дневниот ред за 55.седница, истата заврши со работа во 15.50 часот.

Записникот го водела

Снежана Трајкова

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Претседател,

Драган Маневски